РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот ------------- од ------------- на 26.02.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27-тата седницата одржана на 14.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од подносителот ------------------ на 26.02.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-691/1 од 26.02.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконско постапување на повеќе судии од Управниот суд на Република Северна Македонија во повеќе управни постапки во кои се донесени Решенија со кои предлозите на подносителот биле одбивани како неосновани, а со кои барал да му обезбеди заштита поради незаконско дејствие, со кое му биле повредени неговите слободи и права загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија согласно членот 55 од Законот за управните спорови, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-691/1 од 26.02.2019 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-691/1 од 26.02.2019е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ---------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско постапување на повеќе судии од Управниот суд на Република Северна Македонија во повеќе управни постапки во кои се донесени Решенија со кои предлозите на подносителот биле одбивани како неосновани, а со кои барал да му обезбеди заштита поради незаконско дејствие, со кое му биле повредени неговите слободи и права загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија согласно членот 55 од Законот за управните спорови. Согласно членот 55 од Законот за управните спорови е предвидено дека – ако слободите и правата загарантирани со Уставот се повредени со дејствие на службено лице во орган на државна управа или

друг орган или институција, заштитата се обезбедува во постапката во членовите од 57 до 64 од Законот за управните спорови, доколку не е обезбедена друга судска заштита. Во случајот против Решението на Управниот суд на РСМ е обезбедена судска заштита односно жалба пред Врховен суд на Република Северна Македонија.

По разгледување на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на корупτивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk